# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

На својата седница од 1. II 2006 г., Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања формираше Комисија за избор во научно звање на кандидатот д-р Славејко Сасајковски, пријавен на конкурсот објавен во весникот " Дневник " на 28. XII. 2005г. Комисијата во состав: проф. д - р Јорде Јакимовски, проф. д - р Љубица Чонева и проф. д - р Виолета Чачева, по разгледување на документацијата, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Кандидатот д-р Славејко Сасајковски е роден на 14. III 1959 година во Ресен, каде што завршил основно училиште и гимназија.

Кандидатот дипломирал во 1984 година на Универзитетот " Св. Кирил и Методиј ", на Филозофскиот факултет, ННСГ за социологија, насока за социолози - истражувачи, со дипломската работа " Ватикан и современите меѓународни политички односи " .

Од 1985 година работи во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, како помлад асистент, асистент, научен соработник ( избран во 1998 година ) , доцент во настава (избран во 1999 година ) и виш научен соработник ( избран во 2002 година ).

Д-р Сасајковски магистрирал и докторирал во областа на социолошките науки во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања . Неговата магистерска теза " Универзалните религии, духот на толерантноста и екуменизмот " ја одбрани во 1994 година, а докторската дисертација " Ревитализација на општествената функција на религијата, верско - политичко соочување со религискиот феномен " ја одбрани во 1998 година.

### Научноистражувачка работа

Во периодот 2002 - 2005г., кандидатот д-р Сасајковски работел на следниве научноистражувачки проекти :

- " Македонска социолошка мисла " , финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, раководител на проект;
- " Мониторинг на мас - медиумите во РМ ", по нарачка на IREX, проект во реализација;
- " Аспекти на националната безбедност на РМ " , за Владата на РМ;
- " Социолошко - економски аспекти на високата технологија " , за ЕУ - copernicus - програма, Институт за социологија на Филозофскиот факултет во Скопје;
- " Религиозноста во Република Македонија " , финансиран од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија;

- " Невработеноста во Република Македонија " , во фаза на конкурирање пред Министерството за образование и наука на Република Македонија

**Објавени трудови, 2002 - 2005г.**

- " Нова левица " , Научен собир " Сиромаштијата, фрагментацијата и можностите за социјална интеграција " , Скопје, 2002.
- " Некои социолошко - политички аспекти на локалната самоуправа " , реферат на семинарот " Вовед во законот за локална самоуправа " , Демократски клуб - Скопје и Фондација " Фридрих Еберт " - канцеларија Скопје, Куманово, 2002.
- " Религија, верска заедница, ислам " , тркалезна маса во рамките на Процесот 2002 - Националната безбедност на Република Македонија" - иницијатива под покровителство на претседателот на РМ, Скопје, 2002.
- " Човекови права, глобализација, " морализам " на надворешната политика на САД " , реферат на семинар со тема: " Човековите права како демократска вредност " , Демократски клуб - Скопје и Фондација " Фридрих Еберт " - канцеларија Скопје, мај 2002, Велес.
- " Некои социолошки аспекти на Охридскиот договор и нивното влијание врз процесот на реконсилијација и градење на мирот во Македонија " , меѓународен семинар " Предизвиците за постконфликтна реконсилијација и градење на мирот во Македонија " , Филозофски факултет - Скопје - Институт за одбранбени и мировни студии и Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces ( DCAF ) , Скопје, 27 - 29. 6. 2002.
- " ( Политичка ) Социологија на МПЦ " , Советување" Верските заедници и религиозните групи во РМ" , Републичка комисија за односи со верските заедници и религиозните групи на РМ, Скопје, март, 2003.
- " Социјалдемократијата на Балканот " , реферат, семинар: "Social - democracy today; what does it stand for ? " , " Alfred Moser Foundation " , " Friedrich Ebert Stiftung " , Охрид, мај, 2003.
- " Некои контроверзи на македонската социолошка мисла " , проект " Македонска социолошка мисла " , ИСППИ, 2004.
- " Идеологијата на неолиберализмот, макроекономската стабилност и економскиот развој " , научен собир " Макроекономската стабилност и економскиот развој " , "Здружение за одржлив развој " , ГТЗ - Проект за поддршка на приватниот сектор, Министерство за економија, Скопје, април, 2004.
- " ´ Конфликтот ´ помеѓу мисионерскиот идеализам и прагматизмот на американската надворешна политика и последиците врз позитивниот меѓународно - правен

поредок " , реферат, Македонско - француски денови на правото, 25. 11. 2004, Правен факултет, Скопје

- " Агенда 2010 " - редефинирање на германската социјалдемократија, Годишник на ИСППИ, Скопје, 2005.
- " Лисабонската стратегија како основа за развој на новото европско општество на знаење и новата европска економија на знаење" , реферат, меѓународна конференција " Предизвиците на новата економија " , Економски факултет - Прилеп, Охрид, октомври, 2005.
- " Неолиберализмот како идеолошка рамка на социо - економските промени на македонското општество " , научен собир " Промените на македонското општество " , Институт за социологија на Филозофскиот факултет - Скопје, ноември 2005, Скопје.

## ЗАКЛУЧОК

Анализирајќи ја научно-наставната активност на кандидатот се констатира дека тој има значајни остварувања, и тоа особено во областа на социологијата. Така, согласно Законот за научноистражувачката дејност на Република Македонија, тој може да биде избран во научното завање научен соверник во областа на социологијата.

Оттука, слободни сме да му предложиме на Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, кандидатот д-р Славејко Сасајковски да се избере во научното звање научен советник во областа на социологијата.

Рецензентска комисија

Проф. д - р Јорде Јакимовски с.р.

Проф. д - р Љубица Чонева с.р.

Проф. д - р Виолета Чачева с.р.